# ПЕЛАГОНСКИ КУЛТУРНО - НАУЧНИ СРЕДБИ



Црквата во село Бач
снимила: Николина Василевска, наставничка од с. Бач

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

## 15

НОВАЦИ, 2019

# ПЕЛАГОНСКИ
# КУЛТУРНО-НАУЧНИ СРЕДБИ
# НОВАЦИ

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
## 15

НОВАЦИ, 2019

**Издавач**
Пелагонски културно-научни средби
-Новаци, Битолско

**За издавачот**
Ѓорѓи Лазаревски

**Главен и одговорен уредник**
Ѓорѓи Лазаревски

**Редакција**
Ѓорѓи Лазаревски
Проф. д-р Благоја Брајановски
Панде Манојлов
Ристе Котевски
Јован Ѓуровски

**Секретар на редакција**
Трајан Митровски

**Јазична редакција**
Јазичната редакција на текстовите е извршена од самите автори

**Компјутерска  обработка**
Ѓорѓи Лазаревски

# ПЕЛАГОНСКИ

# КУЛТУРНО-НАУЧНИ СРЕДБИ

## ЗБОРНИК НАТРУДОВИ

## 15

НОВАЦИ, 2019

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3.09(062)(082)
304.2(062)(082)

ПЕЛАГОНСКИ културно-научни средби : зборник на трудови : 15 / [главен и одговорен уредник Ѓорѓи Лазаревски]. - Новаци : Пелагонски културно-научни средби, 2020. - 333 стр. : илустр. ; 25 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија кон одделни трудови

ISBN 978-608-66193-7-4

а) Македонска книжевност - Собири - Зборници б) Општествени и културни прашања - Собири - Зборници

COBISS.MK-ID 51367685

Печатењето на Зборникот го помогна Министерство за култура на Република Северна Македонија.
Изразуваме голема благодарност.

Трајан Ѓ. МИТРОВСКИ

# СТАРИТЕ ОРЕОВСКИ ФАМИЛИИ

( Втора половина на 19-ти век до Првата светска војна)

Овој материјал е изготвен брз основа на податоци од матичните книги на родени, венчани и умрени што ги водела Новачка епархија - нивни подоцнежни преписи од овластени службени лица на српската власт, кои преписи денес се чуваат во Државен архив на РМ- Одделение во Битола. Во матичните книги,вкупно шест, лично извршив увид, по одобрение на Архивот, за што му изразувам голема благодарност.

Овде семејствата се наведени по истиот редослед како во трудот РОДОСЛОВ НА СЕМЕЈСТВАТА ОД СЕЛО ДОЛНО ОРЕОВО БИТОЛСКО од Богоја Таневски,објавен во Пелагонски културно-научни средби - Новаци, Зборник - 5, 2010 година, стр. 139-168, како и во неговата книга ДОЛНО ОРЕОВО (Монографија), изд. Македонско научно друштво - Битола, 2010, стр. 119-154. Текстот на некој начин претставува дополнување на наведениот Родослов.

ВЕЛЈАНОВЦИ

ВЕЛЈАН ТАНЕВСКИ од татко Богоја и мајка Митра Таневски бил роден на 05. 04. 1877 година во Ореово. Бил оженет со Цвета,од татко Гило и мајка Велика Романови од с.Тепавци, родена на 07. 05. 1877 година. Бракот бил склучен на 18. 01. 1903 година. Запишана како Цвета Петковска,жена на Велјан Таневски умрела на возраст од 55 години,на 04. 09. 1933 или 05. 10. 1933 година во Ореово.

Велјан имал брат -Петре Таневски,за кого не се најдени податоци. Петре Богоевски (Таневски) имал син Гило Богоевски,за кого е запишано дека умрел на 21 година, на 08. 12. 1921 година, по несреќен случај - бил убиен од граната останата од Првата светска војна.

ДИМИТРИОВЦИ-ТАНЕВЦИ

ДИМИТРИЈА ТАНЕВСКИ бил од фамилијата Таневци, брат на Гроздан Таневски. Неговата жена се викала Ѓувеза. (Други податоци не се најдени).

ЈОВАНКА ТАНЕВСКА, ќерка на Димитрија и Ѓувеза била родена на 20. 05. 1915 година во Ореово. Била омажена со Тодор,од татко Митре и мајка Ката од с.Рапеш, роден 1914 година, кој бил домазет во Ореово. Бракот бил склучен на 12. 11. 1934 година.

СТЕВАН ТРАЈЧЕВСКИ од татко Митре и мајка Стојна Трајчевски од с. Маково бил роден на 08. 09. 1913 година во с.Маково. Бил оженет со Марија Стојковска од с.Ореово,ќерка на Куле и Велика Стојковски, родена на 18. 03. 1910 година. Бракот бил склучен на 17. 10. 1932 година во Ореово. Кум бил Митре Таловски од с.Ореово. Стојна Трајчевска умрела на 04. 09. 1933 година во Ореово.

КАПКАРОВЦИ

НАЈДО НАЈДОВСКИ, роден околу 1842 година, умрел 17. 12. 1922 година на 80 години. Бил оженет со Велика Најдовска, родена околу 1847 година, а умрела на 06. 01. 1921 година. Други податоци за Најдо и Велика не се најдени.

ИЛИЈА НАЈДОВСКИ бил син на Најдо и Велика Најдовски од Ореово. Илија бил оженет со Велика од (?). Од овој брак имале ќерка Калина и два сина: Трендафил и Коста Најдовски. За Коста не се најдени податоци. Илија имал и втор брак со Мара од Ореово,од кој брак е синот Темјан,роден на 26. 12. 1910 година во Ореово.

КАЛИНА НАЈДОВСКА,ќерка на Илија и Велика била родена на 10. 03. 1898 година, била омажена со Видан Митревски од Ореово. ( В. фамилија Куртовци).

ТРЕНДАФИЛ НАЈДОВСКИ, син на Илија и Велика Најдовски бил роден на 06. 03. 1903 година. Трендафил бил оженет со Мара, ќерка на Стојан Толевски од с.Мегленци. Бракот бил склучен на 18. 04. 1922 година во Ореово.

ТЕМЈАН НАЈДОВСКИ, син на Илија и Мара Најдовски бил роден на 26. 12. 1910 година во Ореово. Темјан бил оженет со Магда, ќерка на Петре и Илинка Божиновски од с.Паралово, родена на 13. 06. 1914 година. Бракот бил склучен на на 17. 10. 1932 година. Подоцна Темјан отишол во Паралово каде живеел се до смртта.

КРЧЕВЦИ

РИСТЕ РИСТЕВСКИ од татко Анасто и мајка Милева (некаде: Милка) бил роден на 28. 03. 1877 година. Бил оженет со Коприна од татко Стојан и мајка Мара Талевски од с.Грумази родена 18. 01. 1885 година. Можно е Коприна да била родена во с.Брник. Бракот бил склучен на 26. 12. 1908 година. Кум му бил Илија Најдовски од Ореово.

АЦЕ РИСТЕВСКИ од татко Ристе и мајка Коприна Анастасовски бил роден на 12. 02. 1911 година. Кум му бил Илија Најдовски од Ореово.

ВАНЧО АНАСТАСОВСКИ (Настовски во МКУ) од татко Ристе и мајка Коприна бил роден на 20. 07. 1913 година, умрел на 17. 11. 1938 година, по несреќен случај.

Ристе имал уште еден син и две ќерки,родени после разгледуваниот период од матичните книги. ( Повеќе за ова: в. Родословот...)

КУЛЕВЦИ (Брничаните)

КУЛЕ НИКОЛОВСКИ бил син на Никола и Каља Николовски од с.Брник,роден на 08. 09. 1856 година. Бил оженет со Цвета,ќерка на Неделко и Мита од Ореово, родена на 06. 12. 1853 година во с.Скочивир. Куле Николовски (во МКУ запишан како Куле Велковски) умрел 24. 10. 1936 година во Ореово.

ПЕТКО НИКОЛОВСКИ од татко Куле и мајка Каља Николовски бил роден на 14. 10. 1877 година. Бил оженет со Ванка,ќерка на Митре и Грозда Јовановски од с.Маково на 06. 10. 1883 година. Бракот бил склучен на 08. 11. 1902 година. Петко умрел на 05. 06. 1940 година во Битола.

КУЛЕ КУЛЕВСКИ од татко Петко и мајка Ванка Кулевски (Николовски) бил роден на 08. 09. 1912 година во с.Брник. Кум бил Стојко Митревски од с.Рапеш. Куле имал брат Славе и сестри Неда и Анѓелина. Овие Кулевци се доселиле во Ореово во 1927 година. ( За ова в.Богоја Таневски: Родослов на семејствата од Долно Ореово).

КУРТОВЦИ - СИВЕВЦИ

ТОДОР МИТРОВСКИ од татко Митре и мајка Јана Цветковски бил роден на 28. 03. 1852 година. Бил оженет со Јана од татко Сиве Талевски од с.Паралово,родена на 15. 03. 1858 година. На Тодор бил втор брак,склучен на 16. 01. 1891 година. Тодор умрел на 19. 04. 1934 година.

ВИДАН МИТРОВСКИ од татко Тодор и мајка Јана Митровски бил роден на 12. 11. 1895 Кум бил Тале Тодоровски од с.Врањевци. Видан бил оженет со Калина,ќерка на Илија и Велика Најдовски од Ореово,од фамилија Капкаровци. Калина била родена на 10. 03. 1898 година. Бракот на Видан и Калина бил склучен на 15. 11. 1912 година.

СИВЕ МИЦОВСКИ (Митровски) од татко Тодор и мајка Јана Мицовски бил роден околу 1900 година. Бил оженет со Ружа Колевска, ќерка на Гроздан Колевски - Таневски.

Бракот бил склучен на 28. 04. 1919 година во Ореово.

ИВАНА МИТРОВСКА од татко Тодор и мајка Јана,сестра на Видан и Сиве,била родена на 15. 03. 1882 година. Била омажена за Мицо Велковски од с.Суводол. Бракот бил склучен на 06. 04. 1919 година.

КРСТА МИТРОВСКА,ќерка на Тодор и Мара (?) Куртовски, сестра на Видан и Сиве, нема податоци за датум на раѓање, според МКВ била на возраст од 21 година, што значи дека била родена 1906 година. Била омажена за Костадин Ристевски од с.Суводол. Бракот бил склучен на 13. 11. 1927 година.

МАРКОВЦИ

ЦВЕТАН МАРКОВСКИ од татко Марко Јовановски бил роден на 10. 03. 1846 година во Ореово. Цветан се оженил со Виша (или Вида) од татко Петар и мајка Софка Цветковска,
родена 25. 06. 1844 година во Паралово. Венчани биле во Ореово на 20. 04. 1868 година. Овој брак воедно е и најстариот брак во Ореово,регистриран во матичната книга што се водела при Новачка парохија. Цветан починал на 14. 06. 1934 година во Ореово, а Виша починала 09. 02. 1940 година во Ореово. Во некои книги се водат и под презимето Цветковски.

ГРОЗДАН МАРКОВСКИ од татко татко Цветан и мајка Виша бил роден на 15. 11. 1907 година. Гроздан се оженил со Неда од татко Цветан и мајка Велика Неделковски,родена во с.Брник,1908 година. Венчани биле на 26. 01. 1930 година во Ореово.

КАЛА КОСТОВСКА од татко Секула Костовски била родена на 04. 03. 1863 година во Ореово. Омажена била со Крсте Петков Ристевски од с.Грумази. Бракот бил склучен на 16. 09. 1884 година.

ГРОЗДАН од татко Коста и мајка Доста Секуловски бил роден на 15. 08. 1897 година во Ореово, бил оженет со Малинка,ќерка на Секула и Велика Петровски од с.Грумази,родена на 15. 03. 1898 година. Бракот бил склучен на 30. 03. 1915 година. Малинка умрела на 12. 02. 1942 година во Ореово, на возраст од 50 години,како што е запишано во МКУ.

СЕКУЛА МАРКОВСКИ од татко Цветан и мајка Виша Марковски,брат на Гроздан Марковски од Ореово бил роден на 14. 10. 1887 година. Бил во брак со Велика,ќерка на Велјан и Неда Митревски од с.Дедебалци,родена 07. 04. 1888 година. Бракот меѓу Секула и Велика бил склучен на 18. 01. 1912 година. Велика Марковска умрела на 06. 01. 1921 година.

МАЛИНКА МАРКОВСКА, ќерка на Цветан, родена на 15. 03. 1898 година. Била омажена во с.Грумази за Мицо Петковски,во 1919 година. Малинка умрела на 12. 02. 1942 година во Ореово.

ИЛИЈА МАРКОВСКИ од татко Мицо и мајка Трена Марковски бил роден на 18. 01. 1870 година во Ореово. Бил оженет со Неда од татко Наум и мајка Дафина Здравковски од с.Билјаник, родена на 15. 03. 1868 година. Бракот бил склучен на 06. 12. 1898 година. Илија умрел на 04. 02. 1937 година. Неда Мицевска,жена на Илија умрела на 24. 09. 1928 година, на 60 години.

МИЛОШ МАРКОВСКИ од татко Илија и мајка Неда Мицовска бил роден 28. 06. 1903 година. Милош бил оженет со Тода од татко Петре и мајка Мара Трајчевски од с.Маково. Тода била родена околу 1900 - 1902 година,според возраста во време на склучување на бракот со Милош кој брак бил склучен на 01. 02. 1925 година. Тода умрела млада, на 08. 02. 1936 година, како што е запишано,од туберкулоза.

ЦВЕТА СЕКУЛОВСКА од татко Мицо и мајка Трена Секуловска (и ова презиме е на фамилијата Марковци), сестра на Илија Марковски,била родена 1879 година, запишано е дека во 1918 година стапила во втор брак со Недан Кочовски од с.Новаци.

МИРОЊОВЦИ

ТРАЈАН ТАЛЕВСКИ од татко Коста и мајка Менка Талевски бил роден на 20. 05. 1915 година во Ореово. Бил оженет со Мара од татко Велјан и мајка Грозда Ѓорѓиевски од с.Суводол, родена 02. 01. 1909 година . Бракот бил склучен на 29. 10. 1933 година. Кум бил Гило Атанасовски од с.Тепавци.

ТРАЈАНКА ТАЛЕВСКА од татко Коста и мајка Менка Талевски, била постара сестра на Трајан Костев Талевски, родена 24. 03. 1902 година. Други податоци за Трајанка не се најдени.

НЕЧОВЦИ ( Во овој период живееле во с.Брник, фамилијата има врска со Марковци-Гроздан,зет на Нечовци)

ПОЛУПАЧОВЦИ

ТРПЧЕ РИСТЕВСКИ од татко Стојан и мајка Петра Ристевски бил роден на 20. 06. 1888 година во с.Чегел. Бил оженет со Трајанка,ќерка на Стојче и Стана Колевски од Ореово, родена на 28. 03. 1879 година. Бракот бил склучен на 20. 11. 1911 година. Кум бил Стојан Митровски, од Шијаковци.

РИСТЕ РИСТЕВСКИ од татко Стојан и мајка Петра Ристевски,брат на Трпче бил роден 06. 12. 1903 година во с.Чегел. Кум бил Стојан Митровски-Толевски од Ореово.(Други податоци не се најдени).

СТАМЕНА РИСТЕВСКА од татко Стојан и мајка Петра Ристевски била сестра на Трпче,родена 15. 12. 1893 година во с.Чегел. Стамена била омажена во с.Ореово за Тане Таневски. Бракот бил склучен на 20. 04. 1913 година. (Други податоци за Стамена: в.Таневци).

ЛАЗАР СТОЈАНОВСКИ од татко Трпче и мајка Трајанка Стојановски бил роден на 28. 03. 1913 година во Ореово. Кум бил Стојан Митровски-Толевски од Ореово.

Трпче имал уште еден син - Велјан, кој бил роден подоцна поради тоа за него не се пронадени никакви податоци во разгледуваните матични книги.

СЛАВЕВЦИ

СЛАВЕ ПЕТКОВСКИ бил роден околу 1836 година бидејќи според податоците од МКУ тој умрел на 28. 01. 1926 година на возраст од 90

години. Најверојатно е дека бил татко на Димо Славевски бидејќи нема друга фамилија Славевци. За Димо Славевски не се најдени податоци.

ПЕТРЕ СЛАВЕВСКИ (или Славковски), од татко Димо и мајка Петкана Славевски бил роден на 18. 01. 1898 година. Петре бил оженет со Илинка,ќерка на Јован и Виша Славевски од с.Паралово, родена на 28. 02. 1893 година. Бракот бил склучен на 20. 01. 1915 година.

ТРЕНДАФИЛКА СЛАВКОВСКАод татко Петре и мајка Илинка Славковски била родена на 01. 08. 1916 година во с.Живојно, крстена во црквата Св.Спас во с.Живојно. Кума била Петкана Петковска од с.Ореово. Таа е единственото дете од Ореово родено во текот на Првата светска војна (1916-1918) кога сите православни фамилии биле евакуирани во с.Живојно поради воените дејствија во чиј центар се нашло с.Ореово.

ТОНА СЛАВЕВСКА од татко Петко и мајка Петкана Славевски била сестра на Петре Славевски,родена на 04. 09. 1902 година. Кума била Софка,жена на Гило Славевски од Ореово.

ДУНАВКА-ДУНА СТОЈАНОВСКА (друго презиме:Лазаревска), од татко Петко и мајка Петкана Стојановска,сестра на Петре Славевски била родена на 10. 11. 1908 година. Била омажена со Стојан Митровски од с.Градешница,кој дошол во Ореово како домазет кај Славевци. Стојан бил син на Ѓуро и Доќа Митревски од с.Градешница каде бил роден на 12. 05. 1905 година. Бракот бил склучен на 23. 11. 1931 година.

СЕВДА СТОЈАНОВСКА,од татко Петко и мајка Петкана Стојановски,сестра на Петре Славевски, родена на 28. 06. 1912 година во Ореово.

СПАСЕВЦИ (Во овој период уште живееле во с.Ивени)
СТОЈАНОВЦИ (Во овој период уште живееле во с.Брник)

СТОЈКОВЦИ ( КУЛЕВЦИ)

ТРАЈАН КУЛЕВСКИ од татко Куле и мајка Велика Стојковски од Ореово бил роден на 05. 06. 1896 година. Бил оженет со Вота.ќерка на Тале и Кита Стевановски од с.Мегленци,родена 14. 05. 1891 година. Бракот бил склучен на 15. 01. 1918 година.

МАРИЈА СТОЈАНОВСКА (Стојковска) била ќерка на Куле и Велика Стојковски од Ореово, сестра на Трајан Кулевски, родена 18. 03. 1910 година, омажена со Стеван Трајчевски. За другите податоци,в. подолу.

ТАЛОВЦИ

МИТРЕ МИТРОВСКИ од татко Тале и мајка Чона Митровски,роден на 01. 10. 1873 година во с.Чегел бил оженет со Велика,ќерка на Неделко и Стоја Стојановски од с.Ивени,родена на 17. 04. 1874 година. Бракот бил склучен на 26. 12. 1908 година. (Во двата преписи како датум за бракот се

наведува 26. 12. 1908 г., што е очигледна грешка бидејќи неговите деца Риза,Менка и Анѓа биле родени пред тоа). Кум бил Јован Стојковски од с.Грумази.

ТАЛО МИТРОВСКИ од татко Митре и мајка Велика Таловски ,роден 09. 03. 1909 година во Ореово.Кум бил Ѓеле Котевски од с.Тепавци. Бил оженет со Ленка од татко Костадин и мајка Неда Петковски од с.Брник,родена на 15. 06. 1906 година. Бракот бил склучен на 20. 02. 1927 година во Ореово.

(За фамилијата на Ленка,в.подолу кај фамилија Цбоновци!)

РИЗА ТАЛОВСКА од татко Митре и мајка Велика Таловски,сестра на Тало,родена 11. 05. 1904 година во с.Чегел. Кум бил Ѓеле Котевски од с.Тепавци. Риза била омажена за Митре Соклевски од татко Гроздан и мајка Стоја (или Софка) роден 12. 09. 1909 година во Паралово. Бракот бил склучен на 30. 10. 1927 година.

МЕНКА ТАЛОВСКА од татко Митре и мајка Велика Таловски,сестра на Тало, родена на 02. 02. 1906 година во с.Чегел. Кум бил Ѓеле Котевски од с.Тепавци. Менка била омажена со Раде од с.Тепавци.(Други податоци не се најдени).

АНЃА ТАЛОВСКА од татко Митре и мајка Велика, најмада сестра на Тало била родена во с.Чегел на 26. 10. 1908 година.Омажена со Мицо Митровски од Ореово.(Повеќе: в.Шијаковци).

ТАНЕВЦИ

НИКОЛА ЈОВАНОВСКИ од татко Марко и мајка Мара Јовановски бил роден 1843 година во Ореово. Бил оженет за Божна од татко Секула Митревски од с.Тепавци,родена 1838 година. Никола (во МКУ запишан како Никола Марковски,умрел на 02. 11. 1928 година во Ореово.

НЕДА СЕКУЛОВСКА,од татко Никола и мајка Божна родена 09. 05. 1875 година во Ореово.Била омажена за Лазар Петровски од с.Грумази. Бракот бил склучен на 06. 12. 1901 година како Неда Петровска. Неда умрела на 07. 09. 1940 година.

ГРОЗДАН ТАНЕВСКИ, син на Коле (Никола) и Божна Таневски бил роден на 14. 10. 1863 година. Бил оженет со Велика од татко Огнен и мајка Јана Тошевски од с.Г.Агларци,родена на 15. 03. 1863 година. Бракот бил склучен на 06. 12. 1888 година,

ТАНЕ ТАНЕВСКИ, од татко Гроздан и мајка Велика Колевски (и ова презиме е на Таневци),бил роден на 15. 08. 1888 година. Тане бил оженет со Стамена од татко Стојан и мајка Петра Ристевски,од фамилија Полупачовци, родена на 16. 12. 1893 година, во с.Чегел. Бракот бил склучен на 20. 04. 1913 година.

Тане имал синови Миле и Кристо и ќерка Вана ( Во разгледуваните матични книги не се најдени податоци за раѓањето на овие деца. Денес има повеќе нивни потомци, -в. за тоа во Родословот...стр.144-145).

ГРОЗДАН ГРОЗДАНОВСКИ, исто така син на Тане (?), роден околу 1921 година умрел како дете на седум години,на 17. 08. 1928 година.

ИЛИНКА КОЛЕВСКА од татко Гроздан и мајка Велика Колевски,сестра на Тане, била родена во Ореово на 17.04.1902 година.

РУЖА КОЛЕВСКА од татко Гроздан, сестра на Тане, била родена околу 1900 година,омажена во Ореово за Сиве Мицовски (Други податоци за Ружа в. кај фамилија Куртовци).

ТРАКОШАНОВЦИ

АТАНАС РИСТЕВСКИ од татко Ристе и мајка Доста Колевски бил роден на 18. 01. 1855 година. Оженет бил со Јасна Стојановска од татко Стојан и мајка Доста Боневски од с.Долно Агларци, родена 15. 03. 1855 година. Бракот бил склучен на 15. 12. 1868 година. Атанас,во МКУ запишан како Колевски Ристев Атанас, умрел на 09. 01. 1938 година во Ореово.

ПЕТКАНА КОЛЕВСКА,од татко Ристе и мајка Доста Колевски од Ореово,била родена на 14. 10. 1873 година. Била омажена со Петко,син на Стојан и Пауна Лазаревски од с.Гнилеш. Бракот бил склучен на 22. 04. 1898 година. Запишано е дека на Петкана и бил втор брак.

ТАЛЕ РИСТЕВСКИ од татко Атанас и мајка Јасна бил роден на 01. 01. 1868 година во с.Мегленци. Тале се оженил со Деспина, од татко Ѓорѓи и мајка Мара Анѓелковски, родена на 12. 05. 1877 година во с.Сливица (или во с.Добромири,според друг податок). Биле венчани на 18. 01. 1907 година во Ореово.

СТЕВАН АТАНАСОВСКИ, син на Тале и Деспина бил роден на 02. 10. 1912 година во Ореово. Кум бил Илија Најдовски,од Капкаровци од Ореово.

ПЕТКО РИСТЕВСКИ од татко Атанас и мајка Елена Ристевски бил роден на 15. 03. 1873 година во с.Мегленци. Бил оженет со Марија ќерка на Коста и Велика Секуловски од с.Грумази, родена на 18. 01. 1888 година. Бракот бил склучен на 15. 04. 1919 година. Заведено е дека на Марија овој и бил втор брак.

ЌИРЕВЦИ

ЌИРЕ ТРАЈКОВСКИ-Ќиревски, од татко Богоја и мајка Стамена Трајковски,бил роден на 26. 11. 1898 година во с.Петалино. Бил оженет со Доста,ќерка на Тодор и Јана Митровски,од фамилија Куртовци,родена на 23. 12. 1901 година во с.Паралово. Бракот бил склучен на 15. 02. 1918 година во Ореово.

ГРУЈО ПЕТРОВСКИ,од татко Богоја и мајка Стамена Петровски,брат на Кире Трајковски,бил роден околу 1903 година. Бил оженет со Доста Стојовска од с.Брник,ќерка на Јован Стојовски,родена околу 1901. Бракот бил склучен на 28. 02. 1926 година.

Ќире и Грујо имале сестра Митра и уште еден брат- Петре Трајковски за кои не се најдени податоци во разгледуваните матични книги. Можно е Петре да бил роден надвор од с.Ореово и да бил запишан во некоја друга МКР.

МИТРА ТРАЈКОВСКА,од татко Богоја и мајка Стамена Трајковски,била омажена со Костадин Србиновски од с.Паралово. Бракот бил склучен на 02. 02. 1919 година во с.Паралово.

ФИЛИПОВЦИ (Во овој период уште живееле во с.Брник)

ЏБОНОВЦИ

КОСТАДИН ПЕТКОВСКИ,роден во с.Брник околу 1860 година бил оженет со Неда Костова Петковска од с.Брник, родена околу 1863 година, а умрела 22. 12. 1942 година во Ореово. Овие имале син Петко Костадинов Петковски -Џбонов, роден околу 1910 година во с.Брник,преселен во Ореово меѓу двете светски војни,а потоа во Битола пред 1960 година и е првиот кој се иселил од Ореово.

ЛЕНКА ПЕТКОВСКА,ќерка на Костадин и Неда Петковски била родена на 15. 06. 1906 година во с.Брник,омажена со Тало Таловски од Ореово ( - в. кај Таловци).

ШИЈАКОВЦИ ( порано Бапчуровци )

ПЕТРЕ МИТРОВСКИ,од татко Митре и мајка Чона Митровски бил роден на 15. 06. 1865 година во Ореово. Бил оженет со Стојанка (некаде запишана и како Стојна) од татко Мицо и мајка Мара Јовановски од с.Алинци, битолско, родена на 07. 03. 1866 година. Бракот бил склучен во црквата во с.Ореово на 06. 12. 1893 година, кум бил Стојан Цветковски од Ореово.

Петре умрел на 30. 04. 1934 година, а Стојанка на 19. 07. 1937 година, во Ореово.

Друго презиме на фамилијата е Толевски

МИЦО МИТРОВСКИ,син на Петре и Стојанка Митровски бил роден во Ореово на 15. 06. 1902 година. Бил оженет со Анѓа Талевска, ќерка на Митре и Велика Талевски,родена во с.Чегел на 26. 10. 1908 година,од фамилија Таловци, по пожарот на с.Чегел преселени во с.Ореово,околу 1909 година. Кум на Анѓа била Тода Таловска од с.Чегел. Бракот на Мицо и Анѓа бил склучен на 14. 10. 1923 година во црквата Св. Тодор во с.Ореово. Кум бил Темелко Мојановски од с.Паралово.

ИЛИЈА МИТРОВСКИ син на Петре и Стојанка Митровски бил роден на 15. 06. 1907 година во Ореово. Бил оженет со Ванка од татко Стојан и мајка Петра Бошевски од с.Мегленци. Ванка била родена 1909 година. Бракот бил склучен на 09. 11. 1931 година. Ванка умрела многу млада, на 30 години,на 28. 11. 1939 година во Ореово, оставила три мали деца. Нејзиниот гроб се наоѓа во гробиштата во Ореово.

Браќата Мицо и Илија долго време живееле во заедница,се додека биле живи нивните родители Петре и Стојанка. Мицо купил посебен имот во 1939 година од Турчинот Малик кој се наоѓа во горниот дел од селото и се преселил да живее таму. Илија купил свој имот среде во селото.

БОЖНА МИТРОВСКА (запишана како Божна Толевска ), ќерка на Петре и Стојанка Митровски, била сестра на Мицо и Илија, родена 01. 12. 1901 година во Ореово. Божна се омажила во с.Суводол за Петре Ристевски (од фамилија Маргевци). Бракот бил склучен на 15. 10. 1923 година.

СТОЈАН ТОЛЕВСКИ од татко Митре и мајка Чона Митровски-Толевски, постар брат на Петре Митровски. Не се најдени податоци за датумот и местото на раѓањето,роден околу 1860 година. Бил оженет со Митра, родена околу 1860 година а починала на 21. 12. 1928 година, на 68 години, во Ореово.

ТАСА ТОЛЕВСКА,родена околу 1902 година,била ќерка на Стојан и Митра Толевски,како нивно единствено дете.Таса се омажила за Никола Николовски,кој дошол како домазет во Ореово, од татко Грујо и мајка Јана, запишано е дека бил роден во с.Путурус (познат и како Нилола Шијако,од с.Лопатица,прилепско). Бракот бил склучен на 01. 06. 1924 година.

СТОЈНА,ВЕНА И ДОСТА биле сестри на Стојан и Петре, ќерки на Митре и Чона Митровски. Не се најдени податоци во разгледуваните матични книги. Се знае дека Стојна била омажена во с.Дедебалци за Јованче од фамилијата Измировци. Вена била омажена во с.Ивени, а Доста во с.Сливица, а по смртта на мажот со кој имала син Трајко и ќерка Митра,се премажила во с.Добровени и од вториот брак немала деца. (Податоците се добиени од записот-семејното стебло, составено во 2002 година од Миленко Стојковски од Битола, поранешен од с.Гнилеш,внук на Вена,од нејзина ќерка Петра од с.Ивени).

Во Ореово биле родени или живееле и други лица ,а за некои тешко може да се утврди на кои фамилии припаѓале.

Велјан син на Ѓорѓи и Елена Јовановски бил роден на 05. 03. 1905 година. Негов кум бил Стојо Костовски од Ореово.

Петко и Петкана Лазаревски. Можно е да е Петко од фамилијата Тракошановци (?!).

Мара,ќерка на Петко и Стојанка Ристевски од Ореово,родена на 07. 12. 1882 година,била омажена со Кире Петковски,син на Ристе и Маса

Петковски од с.Грумази.Бракот бил склучен на 18. 11. 1904 година. Можно е Мара да била ќерка на Стојанка Ристевска,која пак,била жената од првиот брак на Петко Ристевски-Тракошановски од Ореово.

Темелко од татко Божин и мајка Темјана Стојановски бил роден на 14. 08. 1904 година во Ореово. Божин Стојановски од Ореово бил кум на Петре Митревски-Шијаковски,прв пат е забележано при женидбата на Петре во 1893 година и тоа кумство трае до ден денес преку Темелко,син на Божин, Илија,син на Темелко, Борче и Роберт, синови на Илија. Нивно денешно презиме е Мојановски. Темјана-Тема Мојановска умрела на 03. 01. 1931 година во Паралово,каде и била родена. Уште пред Балканските војни оваа фамилија од с. Ореово се преселила во с.Паралово, а денес живее во Битола.

Босилка Грујовска од Ореово била омажена во Новаци со Мицо Т,Талевски, бракот бил склучен на 03. 09. 1920 година. Податоци за нејзините татко и мајка не се наведени!

Ристе Ристевски од Ореово, оженет со Тема Јовановска од Ореово,бракот бил склучен на 19. 11. 1922 година.

Цвета,ќерка на Ташко и Благуна Стојановски од Ореово, родена на 30. 03. 1864 година во Ореово, била омажена за Сокле,син на Митре и Велика Талевски од Паралово. Бракот бил склучен на 12. 09. 1886 година.

Стоја,ќерка на Петре и Јана Колевски од Ореово,родена 26. 02. 1882 година во Ореово, била омажена со Гроздан, син на Сокле и Митра Митревски од Паралово, роден 02. 09. 1883 година во Паралово. Бракот бил склучен на 01. 12. 1901 година.

Неда,ќерка на Никола и Божна Секуловски од Ореово,родена на 09. 05. 1875 година, била омажена со Лазар,син на Петко и Неда Петровски од Грумази, роден на 01. 10. 1877 година. Бракот бил склучен на 06. 12. 1901 година.

Мара,ќерка на Петко и Стојанка Ристевски од Ореово,родена на 07. 12. 1882 година во Ореово, била омажена со Кире, син на Ристе и Маса Петковски од Грумази, роден на 12. 02. 1876 година. Кире бил роден во с.Гнилеш. Бракот бил склучен на 18.11.1904 година.

Риза,ќерка на Гило Петковски од Ореово,родена на 15. 03. 1887 година во Ореово,била омажена со Ѓорѓи, син на Здраве и Јана Трајчевски од Суводол, роден на 05. 02. 1882 година во Суводол. Бракот бил склучен на 25 .02. 1907 година.

Трајанка,ќерка на Стојче и Стана Колевски од Ореово, родена на 28. 03. 1879 година, омажена со Трпче, син на Стојан и Петра Ристевски од Ореово,роден во Чегел на 20. 06. 1888 година. Бракот бил склучен на 20. 11. 1911 година.

Цвета,ќерка на Мицо и Трена Секуловски од Ореово,родена на 01. 05. 1879 година во Ореово,била омажена со Недан, син на Тале и Ѕвезда

Кочовски од Новаци,роден на 03. 03. 1877 година. Бракот бил склучен на 20. 05. 1918 година, како трет брак на Недан.

Богоја Јовановски од татко Никола и мајка Тема Јовановски,роден на 30. 08. 1904 година и Стојан Јовановски од татко Никола и мајка Тема Јовановски,роден во Ореово на 15. 02. 1912 година,според податоците биле браќа.

Ристе Стојановски од татко Стојан Димковски од Ореово, бил оженет со Гела Неделковска од с.Тепавци во 1919 година. Тогаш Ристе имал 27 години,што значи бил роден околу 1892 година.

Во Ореово биле родени и:

Стеван,од татко Коста и мајка Бевцена Јовановски од Ореово, роден на 20. 06. 1902 година, како 6-то дете во фамилијата.

Димо,од татко Насе и мајка Ристана Ѓорѓиевски, роден на 15. 08. 1902 година,на кого кум бил Ристе Петковски од Ореово. ( Податоците упатуваат дека ова лице е Димо Ѓорѓиевски од Димовци од с.Суводол).

Во Ореово се јавуваат повеќе лица со презиме Колевски,за кои е потребно да се идентификуваат:

-Петре и Јана Колевски. Имале ќерка Стоја која била омажена во Паралово за Гроздан Митревски (од Сивевци).

-Ристе и Доста Колевски. Имале ќерка Петкана,омажена во Гнилеш за Петко Лазаревски.

-Стојче и Стана Колевски. Имале ќерка Трајанка,омажена за Трпче Стојановски од Ореово.

-Гроздан и Велика Колевски. (Овие ги идентификував како Гроздан Таневски,според името на Никола-Коле,татко на Гроздан,роден 1863 година).

Според МКР,во Долно Ореово во 1916 година било родено само едно дете - Трендафилка Славевска,ќерка на Петре и Илинка која била родена во с.Живојно каде биле интрернирани жителите на Д.Ореово-православното население во текот на Првата светска војна. Во 1917 и 1918 година не е родено ниту едно дете.

Изработил,
Трајан Митровски, септември 2018 година